**Правен основ**

Ние ја почитуваме Вашата приватност и собираме, обработуваме и чуваме лични податоци законито, транспарентно и правично, во согласност со законските начела и со правните основи утврдени во нив.

Кога аплицирате за вработување врз основа на објавен оглас за конкретна работна позиција или преку апликацијата Работа во КОРПА, правен основ за обработка на Вашите лични податоци е Законот за работни односи.

Кога аплицирате за да ги чуваме и обработуваме Вашите лични податоци во база на кандидати за вработување, правен основ за обработка на Вашите лични податоци е Вашата согласност дадена во моментот на аплицрање во КОРПА ДОО.

Вашите лични податоци може да ги обработуваме за следниве цели:

- Евалуација и избор на кандидати врз основа на објавен оглас со цел да ги процениме вашите квалификации и соодветност за работната позиција за која аплицирате;
- Комуникација со Вас, поврзана со процесите на интервјуирање и селекција на кандидати за пополнување на работни места
- Евалуација и избор на кандидати при отворање на идни работни места во КОРПА ДОО;
- Водење евиденција поврзана со процесите на евалуација и селекција на кандидати за вработување.

Преку вашата апликација за вработување, КОРПА ДОО може да ги обработува:

- Податоците што сами ги внесувате кога ја пополнувате виртуелната апликација

Во зависност од тоа дали аплицирате за вработување , КОРПА ДОО може да ги обработува следниве категории на лични податоци:

- **Податоци за ваша идентификација -** име и презиме, пол, место и датум на раѓање, државјанство,
- **Контакт податоци - домашна адреса, телефонски број и е-маил адреса;**
- **Податоци за образование и други квалификации – степен и вид на завршено образование, познавање на јазици, работно искуство, обуки за време на вработување, професија, копија од дипломи и други сертификати и сл**
- **Други информации - други податоци што ќе изберете да ги споделите со нас во Вашето CV (кратка биографија) доколку го доставувате при аплицирање за вработување**

**Рок на чување:**

Доколку аплицирате за вработување во КОРПА ДОО, врз основа на објавен оглас за конкретна работна позиција, Вашите лични податоци ги чуваме во согласност со роковите

пропишани со закон, односно доколку не сте избрани на конкретниот оглас, истите ги бришеме во рок од 5 работни дена од денот на склучувањето на договор за вработување со избраниот кандидат.

Доколку сакате и се согласите Вашите лични податоци да ги чуваме и обработуваме во базата на кандидати за вработување , Вашите лични податоци ги чуваме во согласност со роковите пропишани со внатрешните акти на КОРПА, со тоа што роковите за чување на податоците пропишани со внатрешните акти ги определуваме според времетраењето на целта заради која податоците се собрани или обработувани. Притоа, вашите податоци во својство на кандидати за вработување или практиканство ги чуваме во рок од три (3) години од датумот кога сте аплицирале, или пократко, доколку сте не информирале дека ја повекувате согласноста за обработка на Вашите податоци, по што Вашите податоци веднаш ги бришеме од базата на кандидати за вработување или практиканство.

Ве молиме осигурајте се дека Вашите податоци се постојано ажурирани, како би можеле да имаме релевантни информации кои се битни и за Вас, и за нас во процесот на евалуација и селекција. По истекот на три (3) години од датумот на аплицирање, повторно ќе ве комуницираме со цел да не информирате дали сакате и понатаму да ги чуваме и обработуваме Вашите лични податоци или да ги избришеме. Доколку не добиеме повратна информација од Вас или доколку не дадете согласност за понатамошно чување и обработка на податоците, истите ќе ги избришеме.

**Како ги чуваме Вашите податоци**

Ние се грижиме да бидат преземени сите технички, организациски и процедурални мерки за обезбедување на највисоко ниво на тајност и заштита на обработката на Вашите лични податоци, со цел спречување неовластен пристап, неовластено откривање или евентуална злоупотреба на истите.

**Кои се Вашите права**

- Ве информираме дека имате право на пристап, исправка, бришење, ограничување на обработката, преносливост на Вашите лични податоци и право на приговор.
- Воедно, имате право во секое време да ја повлечете дадената изјава за согласност за обработка на Вашите лични податоци во базата на кандидати за вработување или практиканство.
- Со повлекување на согласноста, Вашите лични податоци, веднаш ќе бидат избришани од базата на кандидати за вработување или практиканство.
- Притоа, имајте предвид, дека повлекувањето на согласноста не влијае врз законитоста на обработката, врз основа на дадената согласност пред нејзиното повлекување. Овие Ваши права произлегуваат од Законот за заштита на личните податоци.
- Доколку сакате да ги остварите горенаведените права што произлегуваат од Законот за заштита на личните податоци, ве молиме пристапете до следниот линк, пополнете го соодветниот образец и испратете ни го преку електронската или преку поштенската адреса наведени подолу

Во секој случај за остварување на Вашите права, како и за прашања во врска со обработката на Вашите лични податоци, можете да упатете барање на:

- електронска адреса на **офицерот за заштита на лични податоци** на КОРПА ДОО Скопје, Stefanija.ivanovska@korpa.mk

- телефонски број на офицерот за заштита на лични податоци: **+**389 2 3290 055 или

Доколку сметате дека со обработката на Вашите лични податоци се прекршени одредбите на Законот за заштита на личните податоци, имате право да поднесете барање пред Агенцијата за заштита на личните податоци како надлежен орган за вршење на надзор над законитоста на преземените активности при обработката на личните податоци на територијата на Република Северна Македонија.